| **И З В Р Ш И Т Е Л**<br>**Александар Чамовски**<br>**именуван за подрачјето**<br>**на Основниот суд**<br>**Струмица и Радовиш**<br>**ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3**<br>**тел. 034/609-400** | **Образец бр.66**<br><br><br>**И.бр. 1920/2025** |
|---|---|

Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот М Банка АД Скопје од Скопје со седиште на ул.Св. Кирил и Методиј бр.7, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.207/24 од 25.09.2024 година на Нотар Никола Камчев, против должникот ДПУТ увоз-извоз Биофруит ДООЕЛ Радовиш од Радовиш со седиште на бул.Александар Македонски бр.9 Г, за спроведување на извршување во вредност парично побарување на ден 19.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ,,А.МАКЕДОНСКИ,,, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда Г2-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, внатрешна површина од 15 м2, сопственост, КО РАДОВИШ
-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ,,А.МАКЕДОНСКИ,,, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда Г2-1, влез 1, кат ПР, број 2, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, внатрешна површина од 45 м2, сопственост, КО РАДОВИШ
-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ,,А.МАКЕДОНСКИ,,, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда Г2-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, внатрешна површина од 45 м2, сопственост, КО РАДОВИШ
запишана во имотен лист бр.83520 КО РАДОВИШ при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Радовиш, која се наоѓа во сопственост на должникот ДПУТ увоз-извоз Биофруит ДООЕЛ Радовиш;

-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ.АЛ.МАКЕДОНСКИ, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда Г2-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, внатрешна површина од 29 м2, сопственост, КО РАДОВИШ
-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ.АЛ.МАКЕДОНСКИ, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда Г2-1, влез 1, кат ПР, број 2, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 93 м2, сопственост, КО РАДОВИШ
-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ.АЛ.МАКЕДОНСКИ, број на зграда/друг објект 2, намена на зграда Г2-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, внатрешна површина од 93 м2, сопственост, КО РАДОВИШ
запишана во имотен лист бр.83519 КО РАДОВИШ при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Радовиш, која се наоѓа во сопственост на должникот ДПУТ увоз-извоз Биофруит ДООЕЛ Радовиш;

-КП.бр.4512, дел 1, место викано БУЛ,,А.МАКЕДОНСКИ,,, катастарска култура гз, гиз, во површина од 2142 м2, сопственост, КО РАДОВИШ

-КП.бр.4512, дел 1, место викано БУЛ,,А.МАКЕДОНСКИ,,, катастарска култура гз, зпз 1, во површина од 150 м2, сопственост, КО РАДОВИШ

-КП.бр.4512, дел 1, место викано БУЛ,,А.МАКЕДОНСКИ,,, катастарска култура гз, зпз 2, во површина од 360 м2, сопственост, КО РАДОВИШ

-КП.бр.4517, дел 13, место викано КУШИОЛИ, катастарска култура гз, гнз, во површина од 6 м2, сопственост, КО РАДОВИШ

-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ.А.МАКЕДОНСКИ, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат ПО, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Г, внатрешна површина од 62 м2, сопственост, КО РАДОВИШ

-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ.А.МАКЕДОНСКИ, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда Б4-6, влез 2, кат МА, број 2, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 125 м2, сопственост, КО РАДОВИШ

-КП.бр.4512, дел 1, адреса БУЛ.А.МАКЕДОНСКИ, број на зграда/друг објект 1, намена на зграда Б4-6, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 125 м2, сопственост, КО РАДОВИШ

запишана во имотен лист бр.9516 КО РАДОВИШ при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Радовиш, која се наоѓа во сопственост на должникот ДПУТ увоз-извоз Биофрукт ДООЕЛ Радовиш;

**ЗАБЕЛЕШКА:**Составен дел на погореопишаниот недвижен имот е имот со незапишани права во јавна книга кој се состои од бесправно изградени доградби на КП бр.4512/1 КО Радовиш обележани како зграда 3 и зграда 4, којашто зграда бр.3 е со површина од 293 м2 зпз и внатрешна површина од 271 м2, зграда бр.4 е со површина од 36 м2 зпз и внатрешна површина од 30м2, а кои бесправни доградби се попишани со Записник за попис на предметна недвижност (врз основа на чл.239-а став (1) од ЗИ) по И.бр.1920/2025 од 20.04.2026 година и се детално опишани во Геодетски елаборат за идентификација на лице место со премерување бр.08-03-141/3 од 06.03.2026 година изработен од ДГР ГЕО ПРЕМЕР ДООЕЛ Струмица.

Во имотен лист со број 9516 КО Радовиш запишана е зграда 1 и тоа со површина на деловни простории од 125м2 во приземје, деловни простории со површина од 125 м2 во МА и гаража со површина од 62м2. Од увидот на лице место е констатирано дека овој објект е изведен и се користи како индивидуален станбен објект во кој на приземјето една просторија се користи како канцеларија.

Продажбата ќе се одржи на ден 09.07.2026 година во 14,00 часот во просториите на Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 Струмица.

Почетната вредност на недвижноста**, заедно со градежната вредност на попишаните објекти**, утврдена со заклучок за утврдување на вредност на недвижност на Извршителот Александар Чамовски од Струмица од 19.06.2026 година, изнесува 14.660.765,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености

-Нотарски Акт-Договор за хипотека ОДУ.бр.207/24 од 25.09.2024 година на Нотар Никола Камчев од Радовиш.

-Налог за извршување врз недвижност (врз основа на чл.166 од ЗИ) И.бр.1920/2025 од 01.10.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.1921/2025 од 01.10.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.1309/2024 од 25.12.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.2065/2025 од 25.12.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.2429/2025 од 25.12.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на чл.169 од ЗИ) И.бр.310/2026 од 09.03.2026 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 300030000248209 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027020507180.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Чамовски